**20250280650**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЗА 2025 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), раздел 140.01, Потпрограма 60 – Водостопанство, ставка 423 – Материјали и ситен инвентар, ставка 464 – Разни трансфери, ставка 480 – Купување на опрема и машини, ставка 482 – Други градежни објекти и ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства се утврдуваат намените за користење на средствата за реализирани работи во 2025 година во вкупен износ од 415.450.000,00 денари.

II

Средствата од дел I од оваа програма во износ од 415.450.000,00 денари се распоредуваат за:

| Ред. бр. | Мерка | Износ на средства (во денари) |
|---|---|---|
| 1 | Изградба, реконструкција, одржување на водостопански објекти за наводнување и одводнување и надзор над изградбата; експропријација и пренамена на земјиште; изготвување елаборати, студии и техничка документација за реконструкција и рехабилитација на инфраструктурата во системите за наводнување и одводнување, односно: Запишување на водостопанска инфраструктура на Подружниците на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје во Струмица и Радовиш во Катастарот на недвижности, Ревизија на основен проект за пловечки фотоволтаици, Надзор над работите на изградба на Брана Речани и Изработка на геодетски елаборат за спојување на парцели во една новоформирана парцела на брана Конско. | 43.720.000,00 |
| 2 | Изградба, реконструкција, одржување на водостопански објекти за наводнување и одводнување и надзор над изградбата; експропријација и пренамена на земјиште; изготвување елаборати, студии и техничка документација за реконструкција и рехабилитација на инфраструктурата во системите за наводнување и одводнување, односно: Реконструкција и санација на прва фаза на IV грана од ХМС Липково, Изработка на Основен проект за санација за | 36.580.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | затворач на Брана Турија, Ревизија на Основен проект за санација за затворач на Брана Турија, Изведба по Основен проект за санација на затвароч на Брана Турија, Изработка на Основен проект за санација на темелен затворач на Брана Глажња, Ревизија на Основен проект за санација на темелен затворач на Брана Глажња, Изведба по Основен проект за санација на затворач на Брана Глажња, Изработка на Основен проект за санација на Коса пруга на Брана Калиманци, Ревизија на Основен проект на Коса пруга на Брана Калиманци, Изведба по Проект за санација на преливен орган на Брана Отошница, Надзор на Изведба по Проект за санација на преливен орган на Брана Отошница, Изведба на Основен проект за изградба на Цевковод II фаза од ХС Отошница, Надзор над изведба на проект II фаза на Цевковод II фаза од ХС Отошница, Репроектирање на проект за сифон Свети Николе од ХС Брегалница, Ревизија на репроектирање на проект за сифон Свети Николе од ХС Брегалница, Изработка на Основен проект од ДМК од ХС Брегалница Кочани, Ревизија на Основен проект на ДМК од ХС Брегалница Кочани, Репроектирање на Основен проект за одржување на ДМК ХС Брегалница од стационажа 75 до стационажа 80, Ревизија на Основен проект за одржување на ДМК од ХС Брегалница од стационажа 75 до стационажа 80, Основен проект за одржување на Делница Лозово - Милино од ХС Брегалница, Ревизија на Основен проект за одржување на Делница Лозово - Милино од ХС Брегалница, Основен проект за одржување на ГК 5 од ХС Брегалница и Ревизија на Основен проект за одржување на ГК 5 од ХС Брегалница. | |
| 3 | Обврски по започнати капитални проекти за изградба и надзор над изградбата на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица и обврски за експропријација и пренамена на земјиште опфатено со изградба на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица, како и Обврски по Договори за проекти кои се во тек на реализација, односно Реконструкција на ПС Дебарско Поле, Изградба на систем Колибари, Основен проект за разделна и делнична дистрибутивна мрежа од ХМС Равен Речица и Изградба, реконструкција и модернизација на систем за наводнување во Општина Сарај. | 300.970.000,00 |
| 4 | Набавка на механизација, набавка на резервни делови и обврски по започната постапка за јавна набавка во 2024 година за набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје. | 20.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Обврски по започнати постапки за јавни набавки и склучени договори во 2024 година, односно за Надзор на Реконструкција и санација на прва фаза на IV грана од ХМС Липково, Автоматизација на режимот на работа на пумпна станица Таор и Надзор за автоматизација на режимот на работа на пумпна станица Таор. | 13.680.000,00 |
| 6 | Обврските за активности за остварување соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција во областа на водите. | 500.000,00 |
| | Вкупен износ на средства (во денари) | 415.450.000,00 |

III

Реализацијата на средствата од дел II мерки 1, 3 и 6 од оваа програма во износ од 345.190.000,00 денари ќе ја врши Управата за водостопанство, и тоа за:

- изградба, реконструкција, одржување на водостопански објекти за наводнување и одводнување и надзор над изградбата; експропријација и пренамена на земјиште; изготвување елаборати, студии и техничка документација за реконструкција и рехабилитација на инфраструктурата во системите за наводнување и одводнување, односно: Запишување на водостопанска инфраструктура на Подружниците на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје во Струмица и Радовиш во Катастарот на недвижности, Ревизија на основен проект за пловечки фотоволтаици, Надзор над работите на изградба на Брана Речани и Изработка на геодетски елаборат за спојување на парцели во една новоформирана парцела на брана Конско во износ од 43.720.000,00 денари,
- обврски по започнати капитални проекти за изградба и надзор над изградбата на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица и обврски за експропријација и пренамена на земјиште опфатено со изградба на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица, како и Обврски по Договори за проекти кои се во тек на реализација, односно Реконструкција на ПС Дебарско Поле, Изградба на систем Колибари, Основен проект за разделна и делнична дистрибутивна мрежа од ХМС Равен Речица, Изградба, реконструкција и модернизација на систем за наводнување во Општина Сарај во износ од 300.970.000,00 денари и
- обврски за активности за остварување соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција во областа на водите во износ од 500.000,00 денари.

IV

Реализацијата на средствата од дел II мерка 2 од оваа програма во износ од 36.580.000,00 денари ќе ја врши АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, и тоа за: изградба, реконструкција, одржување на водостопански објекти за наводнување и одводнување и надзор над изградбата; експропријација и пренамена на земјиште; изготвување елаборати, студии и техничка документација за реконструкција и рехабилитација на инфраструктурата во системите за наводнување и одводнување, односно: за Реконструкција и санација на прва фаза на IV грана од ХМС Липково, Изработка на Основен проект за санација за затворач на Брана Турија, Ревизија на Основен проект за санација за затворач на Брана Турија, Изведба по Основен проект за санација на затвароч на Брана Турија, Изработка на Основен проект за санација на темелен затворач на Брана Глажња, Ревизија на Основен проект за са-нација

на темелен затворач на Брана Глажња, Изведба по Основен проект за санација на затворач на Бра-на Глажња, Основен проект за санација на Коса пруга на Брана Калиманци, Ревизија на Основен проект на Коса пруга на Брана Калиманци, Изведба по Проект за санација на преливен орган на Брана Отошница, Надзор на Изведба по Проект за санација на преливен орган на Брана Отошница, Изведба на Основен проект за изградба на Цевковод II фаза од ХС Отошница, Надзор над изведба на проект II фаза на Цевковод II фаза од ХС Отошница, Репроектирање на проект сифон Свети Николе од ХС Брегалница, Ревизија на репроектирање на проект сифон Свети Николе од ХС Брегалница, Изработка на Основен проект од ДМК од ХС Брегалница Кочани, Ревизија на Основен проект на ДМК од ХС Брегалница Кочани, Репроектирање на Основен проект за одржување на ДМК ХС Брегалница од стационажа 75 до стационажа 80, Ревизија на Основен проект за одржување на ДМК ХС Брегалница од стационажа 75 до стационажа 80, Основен про-ект за одржување на Делница Лозово - Милино од ХС Брегалница, Ревизија на Основен проект за одржување на Делница Лозово - Милино од ХС Брегалница, Основен проект за одржување на ГК 5 од ХС Брегалница и Ревизија на Основен проект за одржување на ГК 5 од ХС Брегалница.

V

Реализацијата на средствата од дел II мерка 4 од оваа програма во износ од 20.000.000,00 денари ќе ја врши АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и тоа за: Набавка на механизација, Набавка на резервни делови и Обврски по започната постапка за јавна набавка во 2024 година за Набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

VI

Реализацијата на средствата од дел II мерка 5 од оваа програма во износ од 13.680.000,00 денари ќе ја врши АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и тоа за: Обврски по започнати постапки за јавни набавки и склучени договори во 2024 година, односно за Надзор на Реконструкција и санација на прва фаза на IV грана од ХМС Липково, Автоматизација на режимот на работа на пумпна станица Таор и Надзор за Автоматизација на режимот на работа на пумпна станица Таор.

VII

За реализација на средствата од мерката 1 и 4 утврдени во дел II од оваа програма ќе биде спроведена тендерска постапка согласно Законот за јавните набавки (*).

За реализација на средствата од мерката 2 утврдена во дел II од оваа програма ќе биде спроведена тендерска постапка согласно Законот за јавните набавки (*), при што за проекти за изведба на работите, треба да има претходно обезбедено дозвола за градење издадена од надлежен орган согласно закон.

Реализацијата на средствата од мерките 3 и 5 утврдени во дел II од оваа програма ќе се врши согласно претходно спроведени постапки за јавни набавки, склучени договори и доставена финансиска документација за исплата.

Реализацијата на средствата од мерката 6 утврдена во дел II од оваа програма ќе се врши согласно обврските за остварување соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција во областа на водите.

VIII

Плаќањето на средствата за реализација на мерките од дел II од оваа програма ќе се врши на економски оператори или физички лица врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, кон кое ќе биде доставена документација од авансни фактури, авансни ситуации, времени ситуации, завршни ситуации или фактури, со прикажаните извршени работи или услуги, потврдени од страна на надзорниот орган или ревидентот или склучени спогодби и судски одлуки за висина на надоместок за експропријација и договори за надомест на штета за пренамена на земјиште.

IX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-813/6
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.